РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1631/2
06-08-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана ден 01.08.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1631/1 од 20.05.2024 година, со наводи за сомневања за сторено кривично дело „Бесправно градење" во Општина ------------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување, поради тоа што дејствијата наведени во пријавата за бесправно градење претставуваат кривично дело според Кривичниот законик и истите се веќе пријавени до надлежно основно јавно обвинителство како орган надлежен за кривичен прогон, како и до надлежен градежен инспекторат.

Предметот со број 12-1631/1 од 20.05.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија оформи предмет по пријава поднесена од непознат подносител, во која се наведува дека во град -------------, конкретно на парцелите ------------ 8 КП -----/---, КП -------/--- и КП -------/---, бесправно се градат објекти и се изнесува сомневање дека преземените дејствија претставуваат кривично дело.

Подносителот во пријавата наведува дека наведените дејствија за бесправно градење веќе ги пријавил во повеќе институции и тоа во јавното обвинителство, во Општина Кичево, Управата за финансиска полиција, надлежен градежен инспектор.

ДКСК ја разгледа пријавата и констатира дека нема надлежност за постапување, затоа што дејствијата наведени во пријавата претставуваат кривично дело според чл.244-а од Кривичниот законик и истите се веќе пријавени до надлежно основно јавно обвинителство како орган надлежен за кривичен прогон, како и до надлежен градежен инспекторат.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК